**20240190544**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 394 став 1 алинеја 3 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ бр.169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18 и 191/18) и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 302/20 и 122/21), министерот за внатрешни работи донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА СПОРТСКИ И ДРУГИ ПРИРЕДБИ НА ПАТ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на издавање на одобрение за одржување на спортски и други приредби на пат.

Член 2

(1) За добивање на одобрение за одржување на спортски и други приредби на пат, правното лице организатор на приредбата се поднесува писмено барање до надлежната организациска единица за управни работи на Министерството за внатрешни работи (во натамошниот текст: Министерството) според подрачјето на кое се одржува приредбата.

(2) Доколку спортските или други приредби на пат (во натамошниот текст: приредбата) се одржуваат на подрачјето кое е во делокругот на работа на два или повеќе сектори за внатрешни работи на Министерството, писменото барање се поднесува до надлежната организациска единица за управни работи во Министерството.

Член 3

(1) Барањето од членот 2 од овој правилник, содржи:

- назив на организаторот на приредбата;
- седиште на организаторот;
- даночен број, депонент банка и жиро сметка на правното лице;
- пат, улица и релација на која ќе се одржи приредбата;
- датум и време на отпочнување со активностите  и време на отпочнување на приредбата и
- мерки кои организаторот треба да ги преземе заради обезбедување на непосредните учесници на приредбата, учесниците во сообраќајот и гледачите.

(2) Во прилог на барањето од ставот (1) на овој член, организаторот на приредбата доставува и:

- програма за приредбата;
- пропозиции на приредбата;
- согласност од правно лице надлежно за одржување на патиштата, односно улиците;
- сообраќаен проект доколку е потребно да се ограничи, пренасочи, односно запре сообраќајот и
- доказ за платени административни трошоци.

(3) Барањето за издавање одобрение за одржување приредба на пат ќе биде одбиено од страна на Министерството, ако кон барањето не се доставени доказите од ставот (2) на овој член.

(4) Формата и содржината на барањето од ставот (1) на овој член, се дадени во Прилог број 1, кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

(1) По приемот на барањето организациската единица од член 2 ставот (1) од овој правилник, истото го доставува на согласност во подрачната организациска единица за безбедност на патниот сообраќај во Министерството.

(2) По приемот на барањето организациската единица од член 2 ставот (2) од овој правилник, истото го доставува на согласност во организациска единица за безбедност на патниот сообраќај во Бирото за јавна безбедност во Министерството.

(3) Организациските единици од ставовите (1) и (2) на овој член, до кои е доставено барањето, по неговото разгледување изготвуваат согласност за одржување на приредбата во која се дефинираат мерките и активностите кои треба да ги преземе организаторот за безбедно и непречено одржување на истата.

(4) Изготвената согласност од ставот (3) на овој член, се доставува до надлежната организациска единица за управни работи во Министерството за изготвување на одобрение.

(5) Одобрението за одржување на спортски и други приредби на пат го изготвува надлежната организациска единица за управни работи од член 2 од овој правилник, најдоцна седум дена од денот на приемот на барањето.

Член 5

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 13.1.1-6608/1
20 јануари 2024 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Оливер Спасовски**, с.р.

Прилог број 1

ДО:
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

_______________________________________
(Назив на организациска единица )

__________________________________________
( седиште на организациска единица)

**БАРАЊЕ**
**ЗА ДОБИВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА СПОРТСКИ И ДРУГИ ПРИРЕДБИ НА ПАТ**
(Да се пополни читливо со печатни букви)

Од:______________________________________________________________________________
(назив на правното лице-организатор на приредбата)
со седиште на ____________________________________________________________________
ЕМБ ______________________________ Даночен број ________________________________
Депонент банка:______________________Жиро сметка______________________________
Приредбата _______________________________________________________________________
(вид на приредба кој се организира на јавен пат)
планирано е да се реализира на пат/улица:___________________________________________
на следната релација:_____________________________________________________________
__________________________________________________________________________________
__________________________________________________________________

Организаторот со активностите ќе отпочне на ден___________ во ______ часот, додека приредбата ќе започне на ден ___________во_______часот.

За безбедно одржување на приредбата, учесниците во сообраќајот и гледачите, организаторот ќе ги преземе следните мерки: ______________________________________________________________
__________________________________________________________________________________
________________________________________________________________________________

Датум: ___________ Потпис на подносителот на барањето ____________

М.П.

**ПРИЛОГ КОН БАРАЊЕТО**
- Програма за приредбата,
- Пропозиции на приредбата,
- Согласност од правното лице надлежно за одржување на патот-улицата,
- Сообраќаен проект доколку е потребно да се ограничи, пренасочи, односно запре сообраќајот,
- Доказ за платени административни трошоци.

За точноста на податоците одговарам лично и материјално, а за сите грешки во податоците согласен/на сум да ги сносам последиците.

Потпис на службеното лице кое го примило барањето_______________________

Датум :_____________ Место:___________________